# ПРАШАЊЕ И ОДГОВОР ПОВРЗАНИ СО ПРИКАЖУВАЊЕТО НА ПРОИЗВОДИТЕ СО РАЗЛИЧЕН ВИД КАМАТНА СТАПКА ВО РАЗЛИЧНИ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ ВО ПОРТФОЛИОТО НА БАНКАРСКИ АКТИВНОСТИ

**Прашање: Заради соодветно пополнување на обрасците ФКС, ВКС и ПКС, како треба да се пријават производите кај кои е предвидена примена на различна каматна стапка во различни периоди до датумот на нивното достасување (производи со комбинирана каматна стапка)?**

**Одговор:** Согласно со точката 5 став 1 алинеја 5 од Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/10 и 154/17), производите кај кои е предвидена примена на различен вид каматна стапка во различни временски периоди (на пример фиксна каматна стапка за одреден временски период, а потоа прилагодлива или променлива каматна стапка до датумот на достасување), се распоредуваат во соодветните обрасци ФКС, ВКС или ПКС, во зависност од видот на каматната стапка што ќе се променува во соодветниот временски период. Износот од овие производи којшто достасува во периодот во кој се применува фиксна каматна стапка се прикажува во образецот ФКС во соодветниот временски период до кој се применува фиксната каматна стапка. Преостанатиот збирен износ од овие производи на кој ќе се применува прилагодлива или променлива каматна стапка се прикажува во образецот ПКС или ВКС, и тоа во временски период по периодот во кој се применува фиксна каматна стапка. Доколку е предвидена примена на променлива каматна стапка, овој временски период во кој се прикажува преостанатиот износ во образецот ВКС се утврдува имајќи ги предвид одредбите од точката 21 став 2, додека доколку е предвидена примена на прилагодлива каматна стапка, овој временски период во кој се прикажува преостанатиот износ во образецот ПКС се утврдува имајќи ги предвид одредбите од точката 22 став 1 од Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/08 и 144/09).